Група

# ЕЛЕМЕНТИ





# nunc stans



Уметничка галерија - Битола

ноември 1992

Членовите на групата "Елементи" настојуваат да бидат надвор од секакви етикети, стилови и трендови.Но нивниот начин на изразување во секој случај е "алтернативен". Причината што мора да се додаде овој атрибут е заради тоа што живееме во горка провинција, отпорна спреме сите новини и информации кои се заканувaат да го оспорат нејзиното тромо, самозадоволно вегетирање.Упорно држејќи се до своите предрасуди, провинцијата не е способна да ја интегрира содржината и секогаш одговара на начин кој сведочи дека чула само шум.Но уметноста е постојано во движење и менување и со тоа предизвикува антагонизам кај масовната конвенционална публика, која упорно и скоро инстинктивно одбива да се соочи со творби кои ја потсетуваат на ужасот на цивилизациското живеење.Затоа таа преферира "уметност" која се откажала од сопствената суштина и се одлучила за "применета" функција, за уметност која станала стока на пазарот од која се стекнува профит и со тоа станала понизна, корумпирана, грда и мртва.

Групата "Елементи" ја отфрла таквата корумпирана уметност, го отфрла нејзиниот елитен статус и создава од неприфатливото уметност. Со своите перформанси членовите на оваа група го заменуваат готовото уметничко дело со процес и во средиштето го поставуваат елементот време, сфатен како момент на вечност."Не постојат остатоци или рушевини за кои би се зборувало. Не постои историја вредна за раскажување. Тоа што беше не зборува поубедливо за она што навистина било." (H.Miller:"Big Sur And The Oranges of Hieronymus Bosch").

Доживувајќи го постоењето како сега и овде, доживувајќи го светот како бесконечност и времето како безвременост, групата "Елементи" настојува да ја дематеријализира уметничката идеја, со тоа што процесот на реализација го остварува во телото кое станува основен медиум, содржина и изразно средство, или еден вид на метајазик.Тој "јазик на телото" е крајно минимализиран и скоро сведен на статичност, на не-делување, во кои моменти свесно се доживува сопственото битисување.Без некаква посебна виртуозност или техника овој метајазик настојува да се пробие низ превезот што опкружува, да го најде заедничкиот универзален пробив, да ја улови и обелодени подлабоката и поедноставна вистина, ослободена од површински сјај, извештаченост и вообразеност. Овој метајазик настојува да се пробие во сферата на Иматеријалното, да се приближи егзистенцијално, а не метафорички до идејата "да се биде во Иматеријалното" и да нагласи дека човекот не е, како што модерното потрошувачко општество би сакало, само материјално битие.Човекот и неговата креативност имаат спиритуална и инспиративна страна. Тој не може да се помрдне од земјата едноставно со трчање и скокање. За тоа се потребни крилја.

Билјана Петровска /група "Елементи"/

Билјана П. Успјанин

Сон перформансот "NUNC STANS"

Користен музички материјал :
**David Darling/CD "Journal October"/**
**Jan Garbarek & Kjell Johansen**
**/CD "Aftenland"/**

Проекција :
**Yves Klein,"Сликарот на просторот**
**се фрла во празно"/фотографија :**
**H.Shunk/**

Посебна благодарност на :
Завод,Музеј и Галерија-Битола,
Народна Техника и нашите пријатели
за укажаната помош.